British Embassy Skopje

UKaid from the British people

WFD

# МЛАДИ НА ПОПИС

## АНАЛИЗА

на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година кои се однесуваат на младите

# МЛАДИ НА ПОПИС

## АНАЛИЗА

на податоците од пописот на населението,
домаќинствата и становите од 2021 година
кои се однесуваат на младите

Блажен Малески
Петар Барлаковски

# Импресум:

**Проект:** Практикувај демократија

**Издавач:** Фондација за демократија на Вестминстер, Република Северна Македонија

**За издавачот:** Дона Костуранова, директорка во земјата за ВФД

**Автори:** Блажен Малески, Петар Барлаковски

**Уредник:** Стефани Спировска

**Дизајн:** Бригада дизајн

**Лектура:** Јасмина Алешковиќ

2023 година, Скопје

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Содржина:


Предговор 4

Вовед 5

Методолошки пристап 6

Анализа на прибраните податоци за потребите на анализата и дискусија 7

Заклучоци 19

Препораки 20

# Предговор

Иселувањето на младите е актуелна тема на последната декада во Република Северна Македонија, а начините на кои државата ќе се справи со стареењето на населението или ќе ги задржи младите се предмет на честа дискусија во јавниот и во медиумскиот простор. Оваа дискусија често беше базирана на наодите од повеќе студии за перцепции на младите, кои покажуваа дека повеќе од половина од младите се гледаат себе си надвор од земјата, како и анализи и проекции за ефектите од иселувањето на младите. Токму и Фондацијата за демократија на Вестминстер се обиде да даде придонес кон оваа дискусија со анализите „Чинење на емиграцијата" кои даваа пресек за економските ефекти од младинската емиграција во Република Северна Македонија, како и неколку други држави од Западен Балкан.

Поради отсуството на точни податоци за оваа тема, пописот спроведен во 2021 година, даваше можност за првпат теоретските претпоставки, наодите од истражувањата и од проекциите да се потврдат. Со цел да дадеме појасен пресек на податоците од пописот кои се однесуваат на младите луѓе, а со тоа и информации на институциите, граѓанските организации и медиумите да можат да го анализираат ова прашање, ја изработивме оваа анализа.

На анализата претходеше дискусија во Собранието на Република Северна Македонија во април 2022 година, кога парламентарниот Клуб за младински прашања и политики и пратениците членови, решија да го актуализираат прашањето што покажа од последниот попис за младите како демографска категорија. Како заклучок од оваа дискусија, се иницираше изработката на оваа анализа која цели да даде издвоени податоци за младите како демографска група (15-29 години) од последниот попис, како и да издвои одредени препораки кои може да помогнат на институциите при адресирање на ова прашање.

Би сакале да изразиме особена благодарност до Државниот завод за статистика за соработката при изработката на оваа анализа, за издвоеното време и обезбедните податоци на оваа тема.

Трендовите недвосмислено покажуваат дека младото население во земјата се намалува, што отвора сериозни прашања за одржливоста на системот и планирањето на идните политики. Се надеваме дека овој и сличните трудови на оваа тема, ќе им користат на носителите на одлуки при осмислувањето и креирањето на политиките за младите во земјата.

**Дона Костуранова**
Директорка во земјата за
Фондација за демократија на Вестминстер
Канцеларија во Северна Македонија

# Вовед

Пописот[1] (процес во кој се врши попишување на население, предмети, имот заради регистрирање на нивниот број или количина) е статистичка операција од суштествена важност за една држава и претставува основна точка при градење на политиките на една држава. Бројот на население, бројот на станови, домаќинства, имот и слично, се податоци кои една држава ги користи при долгорочното планирање на своите политики. Преку овие наоди се планира колку една држава треба да инвестира во образованието, во инфраструктурата, здравството, економијата и слично.

Во Република Северна Македонија, од независноста па до сега досега се спроведени 4 пописи и тоа во 1991, 1994, 2002 и 2021 година. Разликата меѓу последниот и претпоследниот попис е приближно 20 години што само по себе е спротивно на методологијата за спроведување на попис на Државниот завод за статистика (ДЗС) според кој попис на население се прави на 10 години[2].

Немањето попис речиси две декади резултираше со тоа властите при креирање на политиките, вклучително и политиките за млади, решенијата да ги базираат на податоци од пописот од 2002 година или пак на податоци од страна на други институции (национални и меѓународни) кои не секогаш во целост ја прикажуваа вистинската слика на состојбите на младите во државата. Друг предизвик е недостатокот од истражувања и податоци на кои ќе се градат политиките, што резултира во политики со краткорочен ефект.

Со оглед на оваа ситуација, пописот од 2021 година, дава значително појасна слика за младите кои се резидентно население во државата. Оттаму, идејата на оваа анализа е да направи преглед на податоците добиени од пописот во 2021 година и достапните податоци од страна на Државниот завод за статистика, кои се однесуваат на младите како засебна демографска група.

Важно е да се спомене дека за млади луѓе, согласно со националната законска рамка, односно Законот за младинско учество и младински политики, се сметаат лицата од 15 до 29 години. Европската унија за млади луѓе ги смета, исто така, лицата меѓу 15 и 29 години, додека според Организацијата на Обединетите нации, млади луѓе се оние лица меѓу 15 и 24 години. За потребите на оваа анализа е земена предвид законската дефиниција согласно со Законот за младинско учество и младински политики[3].

Во овој документ е направена анализа на последните бројки од пописот спроведен во 2021 година, компарација со пописот спроведен во 2002 година (онаму каде што е возможна) како и со податоците достапни на Еуростат, а во врска со вкупниот број на млади луѓе и податоци поврзани со нивното образование и социо-економска позадина.

Целта на оваа анализа е на едно место да ги обезбеди клучните наоди за млади, за надлежните власти при креирањето на политиките да ги земат предвид релевантните податоци и бројки со цел да градат политики базирани на докази. Уште поважно, да креираат долгорочни политики и стратегии за млади кои ќе придонесат во намалување на трендовите на младинската емиграција надвор од државата, зголемување на наталитетот, подобрување на образованието, социо-економскиот статус на младите, но и општо подобрување на младинската благосостојба[4] и младинскиот стандард.

---

[1] Согласно дефиницијата на Државниот завод за статистика, пописот „Основна цел на Пописот е да се утврди бројот на населението и неговиот територијален распоред, да се добијат податоци за виталните, образовните, економските, етничките, миграциските и другите белези на населението. Пописот е основа за процена на бројот и на движењето на населението во меѓупописниот период, како и за долгорочни проекции на бројот на населението во иднина"

[2] Metodologija_Popis_final_mk_1_chlen.pdf (stat.gov.mk)

[3] Закон за младинско учество и младински политики „Службен весник на Република Македонија" број 10/20

[4] Под благосостојба се подразбира целокупниот квалитет на живот на граѓаните, во овој случај младите, при што се земаат предвид социо-економските карактеристики на младите.

# Методолошки пристап

Анализата се базира на секундарни податоци добиени од пописот спроведен од страна на Државниот завод за статистика во 2021 и 2002 година, како и податоците јавно достапни на Еуростат и анкетите кои редовно ги спроведува Државниот завод за статистика. Податоците се преземени во февруари 2023 година, а се однесуваат на: вкупниот број на младите во државата, преглед на социо-економски и образовни податоци, како и местото на живеење на младите[5] во Република Северна Македонија.

Различното прикажување на податоците добиени од пописот во 2002 и 2021 година, претставува методолошко ограничување за анализата. Понатаму, податоците во Макстат базата на Државниот завод за статистика не се целосно распределени според возрасни групи, што не дозволува изведување на податоците во однос на социо-економската состојба на младите и нивните образовни карактеристики. Оттаму анализата не успева да ги покаже разликите во тие тематски сегменти.

Второто ограничување се однесува на податоците за споредување меѓу пописите од 2002 и 2021 година во однос на временската разлика меѓу нив. Имено, податоците се прибавени во временска разлика од 19 години што оневозможува значителна анализа и креирање на заклучоци за состојбите кои би можеле да влијаат за разликите во трендовите за време на годините меѓу двата пописа.

Третото ограничување се однесува на податоците добиени од Еуростат базата со податоци за земјите од Европска Унија. Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во спроведувањето на пописот во 2021 година ги класифицира само градските и селските места на живеење, додека пак Еуростат податоците ги класифицира како урбани средини, региони меѓу урбани и рурални и рурални средини. Поради оваа класификација невозможна е директна споредба на податоците.

[5] Под место на живеење се подразбира местото каде што резидентното население престојува, без разлика дали е тоа нивната официјална адреса или повремено живеалиште.

# Анализа на прибраните податоци за потребите на анализата и дискусија

Оваа анализа содржи преглед на податоците од пописот на населението спроведен во 2021 година, преку анализа на податоците кои се однесуваат на младите како демографска група, поделени во три категории податоци и тоа: генерални трендови на младинското население во Република Северна Македонија, младите во вкупниот број на населението, млади според местото на живеење.

## 1. Трендови на младинското население во Република Северна Македонија

Вкупниот број на населението (График 1) кое е резидентно во Република Северна Македонија се намалува за нешто повеќе од 185.000 граѓани (9,1% од вкупното население во 2002) во споредба со пописот 2002 година. Следствено на тоа се намалува и вкупниот број на млади лица, за нешто помалку од 80.000 млади.

График 1. Вкупен број на млади според пописите во 2021 и 2002




Подетално, возрасната група млади во **2002 година сочинувала 24%, а во 2021 година 18%** од вкупното население. Кога соодносот на младо население со остатокот од населението би останал ист, согласно со бројот на живородени во периодот од 1992 до 2006, процентот на младите во вкупниот број на популацијата хипотетички би изнесувал 22% (+4%).

Преглед на намалувањето на бројот на младите ни даваат податоците за живородени деца во периодот од 1992 до 2006, односно живородени деца во тој период кои денес би имале 15 до 29 години, а се претставени во График 1.1.

График 1.1. Живородени 1992-2006 и млади резиденти 2021




Извор – Државен завод за статистика – Макстат База попис 2021 и број на живородени по година

Вкупно 18,2% од младите кои би требало да се појават во бројките од пописот во 2021, односно 77.274 млади, не се повеќе резиденти на Република Северна Македонија, иако се тука родени и евидентирани како живородени. Овие лица не се јавуваат како резиденти. Најголем број на млади кои не се резиденти на државата се младите родени во 1994 година, односно оние кои имале 27 години во 2021 година. Имено, 30% од младите од таа генерација не живеат повеќе во РСМ. Најмал процент на иселеност има кај младите родени во 2003 година (кои имале 18 години во 2021), од кои само 8% заминале од државата.

Ваквите податоци ни покажуваат каков е профилот на младите кои заминале, по број речиси колку населението колку еден цел град како  Куманово кој е трет најголем град по населеност со 75.000 жители. Дополнително, податоците покажуваат евидентно стареење на населението и на државата што отвора дополнителни суштински дискусии во однос на поставеноста на системот. Со иселувањето на младите од државата покрај загубата во човечкиот капитал, младинската емиграција има директни финансиски импликации на државата. Низ бројки: со иселувањето на секој млад работоспособен човек државата губи по 15.850 евра[6].

Иако 18,2% од младите родени во државата, не се повеќе резиденти, сепак, споредено со Европскиот просек (земјите-членки на ЕУ), државата сè уште котира високо во однос на процентот на млади од вкупниот број на граѓани во државата.

[6] Cost of Youth Emigration: North Macedonia, Westminster Foundation for Democracy, link: wfd-web-brochure-nm_final.pdf

Табела 1. Преглед на население од 15-29 години по година на раѓање и процент во резидентно население

| Година на раѓање | Години за време на пописот во 2021 | Процент колку се резидентни во државата | Колку процентуално ги нема како резиденти |
|---|---|---|---|
| 1992 | 29 | 72,0% | 28,0% |
| 1993 | 28 | 71,5% | 28,5% |
| 1994 | 27 | 69,8% | 30,2% |
| 1995 | 26 | 76,4% | 23,6% |
| 1996 | 25 | 79,0% | 21,0% |
| 1997 | 24 | 81,3% | 18,7% |
| 1998 | 23 | 79,4% | 20,6% |
| 1999 | 22 | 82,1% | 17,9% |
| 2000 | 21 | 81,6% | 18,4% |
| 2001 | 20 | 89,9% | 10,1% |
| 2002 | 19 | 87,2% | 12,8% |
| 2003 | 18 | 92,2% | 7,8% |
| 2004 | 17 | 87,9% | 12,1% |
| 2005 | 16 | 86,7% | 13,3% |
| 2006 | 15 | 89,5% | 10,5% |

Од прикажаните податоци во Табела 1 можеме да заклучиме дека најголемиот број на млади се одлучуваат да не бидат повеќе резиденти (заминат од државата) меѓу годините 19 и 22, што укажува на тренд на прво заминување на младите пред почетокот на образовниот процес. По 22 годишната возраст дополнително забележуваме голем процент на заминување на млади, што укажува дека трендот на заминување се зголемува со секоја навршена година на стареење.

## 2. Млади во вкупниот број на населението

График 2. Процент на млади од вкупен број на популација во споредба со регионот и ЕУ




*Податоците за Косово се однесуваат за 2020 година.
Извор: Еуростат и Државен завод за статистика

**Во споредба со другите земји од регионот, како и со Европската Унија, Република Северна Македонија е над Европскиот просек на млади во вкупниот број на жители, но и процентот на млади е поголем од повеќето членки на Европската Унија.** Земји со најголем процент на млади од вкупниот број на жители имаат Данска (19,20%), Кипар (20,7%), Норвешка (18,9%) и Луксембург (18,8%). Што се однесува до регионот, Косово (25,30%) и Албанија (22,70%) имаат убедливо „најмладо" население, по што следи Црна Гора.

Ваквата поставеност на податоците укажува на генерално стареење на населението во Европа, но не е објаснување зашто толкав број на млади од нашата држава не се повеќе резиденти на државата. Од друга страна ова е показател дека доколку државата би успеала да ги задржи своите млади, би била значително над Европскиот просек во однос на процентот на млади од вкупниот број на население.

Подетален преглед за тоа какво се движи бројот на младинското население ни дава табела 2, каде се прикажани податоците од пописот од 2002 година, споредени со податоците во 2021 година и намалувањето на процентот на млади во секоја општина.

Табела 2. Младо население по општини 2002-2021 година и процент од вкупно население во општина

| Општина | 2002 број на млади | Процент на млади од вкупно население 2002 | 2021 број на млади | Процент на млади од вкупно население | Разлика во проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 18.463 | 26 | 10.895 | 14 | -12 |
| Бутел | 8.613 | 24 | 7.401 | 19 | -4 |
| Гази Баба | 17.112 | 24 | 12.600 | 18 | -5 |
| Ѓорче Петров | 9.511 | 23 | 7.177 | 16 | -7 |
| Карпош | 11.447 | 19 | 9.490 | 15 | -4 |
| Кисела Вода | 11.827 | 21 | 9.844 | 16 | -5 |
| Сарај | 9.801 | 28 | 8.925 | 23 | -4 |
| Центар | 9.847 | 22 | 5.798 | 13 | -8 |
| Чаир | 15.624 | 24 | 13.041 | 21 | -3 |
| Шуто Оризари | 5.956 | 27 | 5.955 | 23 | -4 |
| Град Скопје* | 11.8201 | 23 | 91.126 | 17 | -6 |

| Општина | 2002 број на млади | Процент на млади од вкупно население 2002 | 2021 број на млади | Процент на млади од вкупно население | Разлика во проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| Арачиново | 3.271 | 28 | 3.340 | 26 | -2 |
| Берово | 3.013 | 22 | 1.700 | 16 | -6 |
| Битола | 20.665 | 22 | 13.320 | 16 | -6 |
| Богданци | 1.994 | 23 | 1.145 | 16 | -7 |
| Боговиње | 7.728 | 27 | 4.843 | 21 | -6 |
| Босилово | 3.195 | 22 | 2.005 | 17 | -5 |
| Брвеница | 3.914 | 25 | 2.853 | 21 | -4 |
| Валандово | 2.802 | 24 | 1.682 | 16 | -8 |
| Василево | 3.115 | 26 | 1.921 | 18 | -7 |
| Вевчани | 555 | 23 | 428 | 18 | -5 |
| Велес | 12.738 | 23 | 7.787 | 16 | -7 |
| Виница | 4.784 | 24 | 2.320 | 16 | -8 |
| Врапчиште | 6.882 | 27 | 3.963 | 20 | -7 |
| Гевгелија | 5.226 | 23 | 3.241 | 15 | -8 |
| Гостивар | 20.978 | 26 | 11.610 | 19 | -6 |
| Градско | 855 | 23 | 506 | 16 | -7 |
| Дебар | 5.216 | 27 | 3.284 | 21 | -5 |
| Дебрца | 936 | 17 | 503 | 14 | -3 |
| Делчево | 4.102 | 23 | 1.992 | 15 | -9 |
| Демир Капија | 1.016 | 22 | 608 | 16 | -6 |
| Демир Хисар | 1.661 | 17 | 1.106 | 15 | -2 |
| Дојран | 767 | 22 | 450 | 15 | -8 |
| Долнени | 3.250 | 24 | 2.821 | 21 | -2 |
| Желино | 6.814 | 28 | 4.355 | 23 | -5 |
| Зелениково | 1.058 | 26 | 614 | 18 | -8 |
| Зрновци | 721 | 22 | 315 | 15 | -7 |
| Илинден | 3.828 | 24 | 3.147 | 18 | -6 |
| Јегуновце | 2.602 | 24 | 1.663 | 19 | -5 |
| Кавадарци | 8.924 | 23 | 5.959 | 17 | -6 |
| Карбинци | 804 | 20 | 611 | 18 | -2 |
| Кичево | 14.324 | 25 | 7.542 | 19 | -6 |
| Конче | 874 | 25 | 494 | 18 | -7 |
| Кочани | 8.695 | 23 | 5.129 | 16 | -7 |
| Кратово | 2.288 | 22 | 1.132 | 15 | -7 |
| Крива Паланка | 5.051 | 24 | 2.791 | 15 | -9 |
| Кривогаштани | 1.219 | 20 | 923 | 18 | -2 |
| Крушево | 2.042 | 21 | 1.496 | 18 | -3 |
| Куманово | 25.771 | 24 | 18.720 | 19 | -5 |

| Општина | 2002 број на млади | Процент на млади од вкупно население 2002 | 2021 број на млади | Процент на млади од вкупно население | Разлика во проценти |
|---|---|---|---|---|---|
| Липково | 6578 | 24 | 5.783 | 26 | +2 |
| Лозово | 662 | 23 | 336 | 15 | -8 |
| Маврово и Ростуше | 2.237 | 26 | 767 | 15 | -11 |
| Македонска Каменица | 2.061 | 25 | 1.085 | 17 | -9 |
| Македонски Брод | 1.443 | 20 | 883 | 15 | -5 |
| Могила | 1.335 | 20 | 909 | 17 | -3 |
| Неготино | 4.485 | 23 | 3.120 | 17 | -6 |
| Новаци | 621 | 17 | 398 | 15 | -2 |
| Ново Село | 2.497 | 22 | 905 | 13 | -9 |
| Охрид | 12.962 | 23 | 8.195 | 16 | -7 |
| Петровец | 2.148 | 26 | 1.691 | 18 | -8 |
| Пехчево | 1.163 | 21 | 605 | 15 | -6 |
| Пласница | 1.219 | 27 | 977 | 23 | -4 |
| Прилеп | 16.870 | 22 | 11.452 | 17 | -5 |
| Пробиштип | 3.642 | 22 | 2.007 | 15 | -8 |
| Радовиш | 6.620 | 23 | 4.196 | 17 | -6 |
| Ранковце | 837 | 20 | 598 | 17 | -3 |
| Ресен | 3.524 | 21 | 2.271 | 16 | -5 |
| Росоман | 890 | 21 | 670 | 18 | -4 |
| Свети Николе | 4.159 | 22 | 2.375 | 16 | -7 |
| Сопиште | 1.352 | 24 | 1.146 | 17 | -7 |
| Старо Нагоричане | 804 | 17 | 574 | 16 | 0 |
| Струга | 16.356 | 26 | 10.320 | 20 | -6 |
| Струмица | 13.212 | 24 | 8.270 | 17 | -8 |
| Студеничани | 4.883 | 28 | 5.127 | 23 | -5 |
| Теарце | 5.701 | 25 | 3.231 | 18 | -7 |
| Тетово | 22.090 | 26 | 17.487 | 21 | -5 |
| Центар Жупа | 1.933 | 30 | 763 | 21 | -9 |
| Чашка | 1.770 | 23 | 1.554 | 20 | -4 |
| Чешиново - Облешево | 1.563 | 21 | 815 | 15 | -6 |
| Чучер - Сандево | 2.109 | 25 | 1.702 | 19 | -6 |
| Штип | 11.223 | 23 | 7.076 | 16 | -8 |

Извор – Државен завод за статистика – Макстат база попис 2021

Од сите општини во Република Северна Македонија, само Липково има позитивен раст на млади во споредба со вкупното население на општината (2%). Сите други 80 општини бележат пад на процентот на младите, при што најголем пад има во општина Аеродром и Маврово и Ростуша. Дополнително, 28% од младите живеат на територијата на Град Скопје, а во 2002 година тој процент изнесувал 25%. (Табела 2)

Покрај распространетото намалување на младинската популација, за целта на оваа анализа ги анализиравме и податоците добиени од пописот во 2021 година, а кои се однесуваат за урбано и за рурално место на живеење.

## 3. Млади според местото на живеење

График 3. Млади според место на живеење (урбани-рурални средини)




Извор – Државен завод за статистика – Макстат база попис 2021

Вкупно 58% проценти од младите во 2021 година се резиденти на урбани населени места, што е за 4% помалку кога се гледа на процентот на вкупното население (62%). Односно, младите почесто се резиденти на рурални населени места во споредба со целосното население. Со оглед на тоа што нема податоци од попис во 2002 година, не сме во можност да заклучиме разлики или евентуални движења на овие податоци.

## 4. Образование и економска активност

Според податоците од Пописот спроведен во 2021 година, најголем број од младите имаат завршено средно образование како највисок степен на образование (48%), со завршено основно образование се 30% од младите додека пак 14% се со завршено високо образование. Важно е да се спомене дека на овие наоди (График 5) влијае фактот што младите се категорија на граѓани која сè уште е во образовен процес. Во обработените податоци за оваа анализа недостасуваат информации за процентот на млади кои во моментот на спроведување на пописот биле запишани во основно, средно, односно високо образование.

График 4. Процент на вкупно население според највисок степен на образование




График 5. Млади и нивниот највисок степен на образование



Во однос на вкупното население, најголем процент од населението има завршено средно образование (44%), по што следи завршено основното образование (28%) и завршено високо образование (17%) (График 5). Младите луѓе, како и вкупното население, спаѓаат во групата на лица чиј највисок степен на завршено образование е средното образование.

Табела 3. Највисок степен на образование на млади (15-29) по урбани, рурални и скопски општини

| Урбан / Рурал | | Без образование | Незавршено основно | Основно | Средно | Високо | Магистратура | Докторат | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Рурални | Вкупно | 0,54% | 1,62% | 34,24% | 49,73% | 9,11% | 0,70% | 0,70% | 3,97% |
| Скопје | Вкупно | 060% | 100% | 28,20% | 47,30% | 15,50% | 2,40% | 2,40% | 5,10% |
| Урбани | Вкупно | 0,85% | 1,48% | 26,45% | 51,00% | 14,06% | 1,36% | 1,36% | 4,70% |

Постојат значителни разлики меѓу видот на општината и највисокиот степен на стекнато образование. Значително е повисок процентот на млади во рурални општини кои завршиле само основно образование, но и значително е помал и процентот на млади кои се стекнале со високо образование, во споредба со другите видови на општини[7].

Дополнително ја проверивме и корелацијата[8] на степенот на стекнато образование и стапката на невработеност. Имено, можеме да забележиме дека кај лицата со стекнато основно образование има повисока стапка на невработеност во општините на територијата на Град Скопје (p=.834), како и урбани (p=.570) и рурални (p=.554). Стекнатото ниво на средно образование позитивно корелира со пониска стапка на невработеност во урбаните општини (p=-.570), руралните (p=-.459) и општините во Градот Скопје (p=-.310), што укажува на значителна поврзаност на завршување на средно образование за младите и намалувањето на стапката на невработеност во општините. Она што е дополнително важно да се забележи е дека стекнувањето на високо образование во општините на територијата на Град Скопје (p=-.828) корелира со пониска стапка на невработеност. Истото не важи за руралните и урбаните општини, што укажува на значителни разлики во потребата на пазарот на трудот, но и пристапот до високо образование. Оттаму, можеме да заклучиме дека степенот на последно завршено образование е значителен фактор во однос на активноста, но и стапката на невработеност во самите општини.

График 6. Економска активност на млади според Попис 2021




Извор: Државен завод за статистика – Макстатбаза Попис 2021

7 Закон за средното образование во Република Северна Македонија, член 3, Министерство за образование, достапно на https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20srednoto%20obrazovanie.pdf

8 Корелациите се прикажани во форма на p=. Доколку резултатот прикажан над .000, тоа значи дека таа варијабла влијае врз зголемувањето на другата варијабла. Доколку резултатот е прикажан со под -.000, тогаш таа варијабла има поврзаност и влијание во намалување на другата варијабла (во овој случај стапката на невработеност на младите на возраст од 15 до 29 години.

Дополнително ги разгледавме податоците за економската активност на младите (График 6), добиени од пописот во 2021 година. Притоа, Државниот завод за статистика дава целосни бројки, при што креаторите на овој документ поединечно за секоја општина ги добија податоците за стапката на активност на пазарот на труд и стапката на невработеност за лицата на возраст од 15 до 29 години.

Табела 4. Стапка на невработеност и активност на пазар на труд на младите (15-29)

| | Стапка на невработеност 15-29[9] | Стапка на активност на пазарот на трудот 15-29[10] |
|---|---|---|
| Рурални средини [11] | 26.05 | 42.76 |
| Скопје[12] | 21.40 | 44.50 |
| Урбани средини [13] | 24.39 | 47.09 |

Има значителна разлика во стапката на невработеност кај младите, согласно со нивното место на живеење. Највисока стапка на невработеност има кај младите кои живеат во рурални општини, односно стапката на невработеност таму изнесува 26%. Најниска стапка на невработеност можеме да забележиме во општините кои се дел од Град Скопје, односно 21% од младите се невработени. Тоа значи дека има поголема веројатност младите кои се резидентни во руралните општини да бидат невработени, од своите врсници во урбаните и скопските општини. Исто така, младите во руралните општини се и помалку активни на пазарот на трудот, што укажува на структурни разлики меѓу видот на општините.

Од друга страна важно е да се забележи дека е голема разликата меѓу самите општини во групата на рурални општини. Стандардната девијација меѓу поединечните општини изнесува 15 (кај скопските и урбаните изнесува 9 и 8, што е значително помалку) и ни покажува значителни разлики во поединечните општини, што можеме да го забележиме и во прегледот на општини со најниска и највисока стапка на активност на пазар на труд и највисока и најниска стапка на невработеност.

Табела 5. Рангирање на општини според стапката на активност на младите од 15 до 29 години и вид на општина

| Општина | Стапка на активност на пазар на труд | Вид на општина |
|---|---|---|
| Центар Жупа | 14 | Рурал |
| Арачиново | 23 | Рурал |
| Врапчиште | 26 | Рурал |
| Желино | 26 | Рурал |
| Липково | 26 | Рурал |
| Карбинци | 56 | Рурал |
| Илинден | 56 | Рурал |
| Дојран | 55 | Рурал |
| Кривогаштани | 57 | Рурал |
| Чешиново-Облешево | 58 | Рурал |

9 Пониска стапка на невработеност укажува на повеќе вработени лица.

10 Повисока стапка на активност на пазарот на трудот покажува поголемо учество на младите.

11 Под рурални општини се подразбираат оние општини кои согласно со Законот за територијална организација на локалната самоуправа, имаат седиште во села.

12 Под Скопје се подразбира оние општини кои согласно со Законот за територијална организација на локална самоуправа, се дел од Градот Скопје.

13 Под урбани општини се подразбираат оние општини кои согласно со Законот за територијална организација на локалната самоуправа имаат седиште во град.

Табела 6. Рангирање на општините според стапка на невработеност на млади од 15 до 29 години, стапка на активност на пазарот на трудот и класификација на општината

| Општина | Стапка на невработеност | Стапка на активност на пазар на труд | Вид на Општина |
|---|---|---|---|
| Липково | 64 | 26 | Рурал |
| Теарце | 58 | 48 | Рурал |
| Боговиње | 50 | 33 | Рурал |
| Желино | 50 | 26 | Рурал |
| Пласница | 46 | 27 | Рурал |
| Зелениково | 11 | 50 | Рурал |
| Ново Село | 10 | 44 | Рурал |
| Босилово | 9 | 46 | Рурал |
| Долнени | 9 | 53 | Рурал |
| Карбинци | 9 | 56 | Рурал |

Од добиените податоци можеме да утврдиме дека во рангирањето по прашање на активност на пазар на труд и стапка на невработеност кај млади, доминираат општини кои се рурални, што ја потврдува големата разлика од Табела 5. Највисоката стапка на невработеност можеме да забележиме во Липково (64%), Теарце (58%) и Боговиње (50%). Најниска стапка на невработеност можеме да забележиме во општините Карбинци, Долнени и Босилово (сите по 9% стапка на невработеност). Во однос на општините кои се дел од Градот Скопје, најниски стапки на невработеност има во општините Кисела Вода, Аеродром и Карпош (кај сите стапката на невработеност е 13%), а највисока е стапката на невработеност во општините Чаир (35%), Шуто Оризари (33%) и Сарај (31%). Ваквата поставеност покажува значителни разлики кај младите и нивниот економски статус, во зависност од местото на живеење во Градот Скопје. Во однос на урбаните општини, најниска стапка на невработеност имаат општините Виница (13%), Струмица (14%) и Кавадарци (15%), додека највисока стапка на невработеност кај младите имаат Дебар (45%), Тетово (42%) и Кичево (38%). Ваквите податоци покажуваат значителни регионални разлики во државата, при што во зависност од местото на живеење, поголеми се шансите за одредени млади да бидат невработени и неактивни од своите врсници во другите општини и региони. Дополнително можеме да забележиме позитивна поврзаност меѓу стапката на активност и намалување на стапката на невработеност, при што таа поврзаност е најголема во општините од Градот Скопје (p=-.808), рурални општини (p=-.654) и урбани општини (p=-.368).

График 7. Стапка на невработеност кај младите во РСМ и ЕУ




Извор: Еуростат и Државен завод за статистика – Анкета за работна сила 2021

Повеќе од половина од младите кои се резиденти на РСМ на пописот навеле дека се економски неактивни. Вкупно 53% од младите се економски неактивни, 33% се вработени, додека пак 11% се невработени. За 3% од младите не е познат економскиот статус. Во споредба со општото население, младите се за 4% повеќе невработени, за 7% помалку вработени и 3% повеќе неактивни. Со оглед на ваквата поставеност на економската активност на младите, а и имајќи го предвид тоа што возрасната група од 15 до 19 години е сѐ уште во задолжителен процес на формално образование, нѐ изненадува и податокот дека 35,2% од младите влегуваат во категоријата „издржувано население", односно население кое е финансиски издржувано од други лица или од државата или население кое се издржува со друг вид на приходи (ренти, камати)[14]. Процентот на генералното население кое е „издржувано" е 24,5%.

[14] Дефиниција на ДЗС за издржувано население.

# Заклучоци

Заклучокот од оваа анализа го потврдува тврдењето дека во Република Северна Македонија има сериозен проблем со младинската емиграција, задржување на младото население во државата и општо стареење на населението.

Според пописот во 2002 година процентот на млади од вкупниот број на население е 24% додека пак во 2021 година е 18%, укажува на тоа дека државата има се помал број на млади луѓе, а меѓу двата пописа има пад од 6%. Ова значи дека државата има приближно 77.000 помалку млади луѓе во споредба со 2002 година, што се рефлектира во човечкиот капитал и финансиските загуби кои ги има државата по глава на иселено работоспособно лице. Падот на вкупниот процент на млади луѓе во државата во иднина се повеќе ќе се рефлектира врз пазарот на трудот, но и образовниот систем. Приватниот сектор сè почесто ќе се соочува со недостаток на работници додека пак бројот на запишани ученици во основните и средните училишта, како и бројот на студенти секоја година ќе се намалува.

Дополнително, младинската емиграција, ги потврдува  последиците од недостатокот на активно ангажирање на државата кога станува збор за унапредување на младинската благосостојба и општо младинскиот стандард. Тоа што 77.274 млади коишто се тука родени, а повеќе не се резиденти, укажува на тоа дека отселувањето од државата станува сè поатрактивно за младите луѓе. Ова се потврдува и со истражувањата од младинскиот сектор кои со години наназад укажуваат на тоа дека желбата на младите да ја напуштат државата е огромна, односно според сите истражувања, најчесто над 50% од младите [15] сакаат да ја напуштат државата. Имајќи го ова предвид, државата треба да реагира во две насоки – првата, каде што ќе креира политики кои ќе ги задржат младите луѓе во државата и ќе се труди да овозможи приближно исти услови како на оние млади во државите на ЕУ и втората – каде што ќе се труди да ги привлече, односно врати назад оние млади луѓе коишто веќе емигрирале.

Во однос на младинското население по општини, она што може да се увиди е дека во споредба со пописот од 2002 година, бројот на млади во сите општини е намален за значителен процент. Притоа, најголем пад на бројот на млади луѓе има во општините Аеродром и Маврово и Ростуше, додека пак најмал пад на бројот на млади луѓе има во општините Арачиново, Карбинци, Кривогаштани и Демир Хисар (пад од 2% на младото население). Општината Старо Нагоричане е единствената општина што не бележи пораст или пад на младинското население, додека пак Општина Липково е единствената општина од сите општини во државата што бележи пораст на младото население, специфично 2%. Градот Скопје, како најголемата единица на локална самоуправа, во смисла на население, бележи пад од 6% на младинското население во споредба со пописот од 2002 година. Во однос на Градот Скопје, важно е да се спомене и дека согласно со пописот 28% од младите луѓе живеат во главниот град, во споредба со пописот од 2002 година кога овој процент бил 25%. Ова укажува на тоа дека државата освен тоа што се соочува со младинска емиграција, се соочува и со намалување на бројот на млади лица во помалите и понеразвиени места, а зголемување на бројот на млади лица во главниот град. Ова може да се препише на поголемите можности за работа и самостоен живот во главниот град (и оттука внатрешна миграција во рамките на државата) или пак зголемена емиграција на младите од помалите места.

Што се однесува на средината во која младите живеат (урбана или рурална), согласно со податоците од пописот, 58% од младите живеат во урбани средини. Во споредба со вкупниот број на население тоа претставува за 4% помалку. Имајќи го ова предвид, потребно е единиците на локална самоуправа, особено оние во руралните средини, да вложуваат повеќе напори во креирање на подобри услови за младите во овие средини, особено затоа што постојат значителни разлики во квалитетот на живот меѓу младите во урбаните и младите во руралните средини.

Во однос на економската активност како и младинската невработеност, 53% од младите се економски неактивни. Младинската невработеност изнесува 28% и е за 15% повисока од младинската невработеност на ниво на ЕУ. Истовремено, ова е најниска стапка на младинска невработеност во последниот период во земјата. Младите во рурални општини, како профил, се со понизок степен на образование, пониска вработеност и помала активност на пазарот на труд , што укажува на помалку можности за развој во овие места.

[15] Студија „Социо-политичко учество на младите во Република Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања“ достапна на следниот линк.

# Препораки

Наодите од оваа анализа ни укажуваат дека приоритет на државните институции треба да биде креирањето на долгорочни политики базирани на податоци.

Минатото покажа дека кога станува збор за младите и младинските политики најчесто се креираат мерки кои имаат за цел само краткорочно да го решат проблемот и мерки кои младите ги третираат како хомогена група. Единствено со креирање на политики на долг рок и политики кои се базираат на реални податоци, користејќи ги податоците од пописот и податоците од истражувањата коишто се однесуваат на младите, може да се придонесе кон подобрување на статусот на младиот човек во државата. Притоа, треба да се земе предвид мулти-секторскиот пристап кон градење на овие политики.

Со оглед на тоа што бројот на млади луѓе во државата е значително намален, потребно е да креира политики кои ќе придонесат кон подобрување на моменталните состојби и мотивирање на младите луѓе да останат во државата. Државата треба да се стреми кон нивно задржување со креирање услови и можности согласно со нивните потреби. Специфично, потребно е унапредување на образовниот процес и негово усогласување со можностите на пазарот на труд, политиките и можностите за домување, креирање можности и поддршка во процесот на вработување. Во оваа насока следат неколку препораки за подобрување на состојбите:

1. Населението во државата старее, а се намалува младото население, што неминовно ќе предизвика социо-економски промени, оттука потребна е изработка на долгорочен план и политики за справување со демографски промени во земјата и нивниот ефект;

2. Зголемување на инвестициите во образовниот систем (основно средно и високо образование) согласно со потребите на учениците, нивно полесно поврзување со пазарот на труд;

3. Спроведување на анализи од страна на институциите, за редовно следење на младинските трендови, потреби и проблеми со цел нивно соодветно адресирање;

4. Поставување на соодветен приоритет на политиките за млади кај централните и кај локалните власти со цел креирање на суштинска промена и подобри услови за живот, образование и развој на младите. Проблемите со кои се соочуваат на секојдневно и долгорочно ниво треба да бидат адресирани за да им се овозможи поголем квалитет на живот;

5. Редовно следење на вработеноста на младите луѓе во урбаните и руралните региони од страна на надлежните институции и обезбедување поддршка за нивно вработување согласно со актуелните состојби на пазарот на трудот. Креирање на мерки и политики за вработување и самовработување на локално ниво, согласно со профилот на млади луѓе во општините. Спроведување на редовна евалуација на успехот на досегашните мерки за вработување на младите и нивна модификација согласно со потребите;

6. Целосна и доследна имплементација на Законот за младински прашања и младински политики, со особен акцент на креирањето на можности за младинско вклучување и учество во креирањето политики на локално ниво, а преку основање на локални младински совети и поддршка кон веќе постоечките;

7. Отворање на Истражувачки центар во рамките на Агенцијата за млади и спорт преку кој може да се прибираат и анализираат податоци, кои може да им служат на националните и на локалните власти во креирањето на политики и мерки за млади. Формирање на Национално советодавно тело за младински политики кое ќе дава мислење и препораки за спроведување на младинските политики и

8. Креирање фаза на податоци со информации поврзани со бројот на млади луѓе кои се иселуваат и нивниот профил. Креирање на специфични политики согласно со податоците достапни од базата на податоци врз основа на степен на образование, струка и возраст.